Број 4 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/1**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година**

Во Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.15/2015 и 01/2016):

I. Во главата IV. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ, по точка 6 се додава нова точка 7 која гласи:

7." ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 5, Општина Карпош, Скопје"

II. Во главата VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО И ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, по точка 1 се додаваат нови точки 2,3 и 4 кои гласат:

2. “ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Московска, бул. Теодосие Гологанов, и бул. 8 ми септември) Општина Карпош – Скопје (Измена на блокови кои ќе се утврдат со Планска програма).“

3. “ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 03, (опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска), Општина Карпош - Скопје (Измена на блокови кои ќе се утврдат со Планска програма).“

4. “ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, Општина Карпош - Скопје (Измена на блокови кои ќе се утврдат со Планска програма). “

III. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2180/2**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2016 година, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/2**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 14, став 1 и став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14 и 150/15), Советот на Општина Карпош на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2016 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.15/2015), Дел 1. Развојни приоритети и цели, по точка 5 се додава нова приоритетна цел бр. 6 која гласи:

6. Економско јакнење на жените.

| 6. | Економско јакнење на жените |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на едукативна работилница/семинар со менторски настап. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Обезбедување на помош на невработените жени од општина Карпош во однос на начини и можности за аплицирање при вработување, дообразување, преквалификација и дополнителна едукација |
| **Очекувани резултати:** | Секој од посетителите да се стекне со знаење во однос на пишување CV, мотивационо писмо, аплицирање при вработување, можќности за самовработување, можности за дообразување и стручно усовршување. |
| **Целна група:** | Невработени лица, жени и мажи – жители на општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 57,500,00 денари за предавачи и печатен рекламен материјал. |

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ќе ја вклопи оваа активност во веќе предвидената финансиска рамка која е составен дел на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2016 година.

II. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласни на Општина Карпош“.

**Број: 09-2180/3**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за затворање на отворениот атмосферски канал на улица „Козле 3“ и изградба на фекална канализација по улица „Козле 3“**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за затворање на отворениот атмосферски канал на улица „Козле 3“ и изградба ба фекална канализација по улица „Козле 3“, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/3**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Општина Карпош, на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за затворање на отворениот атмосферски канал на улица „Козле 3“ и изградба на фекална канализација по улица „Козле 3“**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје и се уредуваат начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за реализација на проектите :

1. Затворање на отворениот атмосферски канал во населба Нерези на улица „Козле 3“ со употреба и одржување на каналот.
2. Изградба на фекална канализација која оди по трасата на улица „Козле 3“ која е дел од Собирна улица „Јужна Обиколница“ со употреба и одржување на истата.

**Член 2**

Општина Карпош во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, со 50% од вкупната проценета вредност врз основа на изработената проектна документација која изнесува:

1. 1.250.285,75 денари без ДДВ (2.500.571,50*50%) за затворање на отворениот атмосферски канал во населба Нерези на улица „Козле 3“.
2. 2.997.870,50 денари без ДДВ (5.995.741,00*50%) за изградба на фекална канализација која оди по трасата на ул . „Козле 3“.

Точната вредност за изградба на инфраструктурните објекти ќе се утврди по завршување на јавните набавки кои ќе ги спроведе Општина Карпош.

По реализација на објектите, употребата и одржувањето на истите ќе биде во надлежност на Општина Карпош.

Средствата можат да се користат исклучиво за намената утврдена со ставот 1 од овој член, во согласност со прописите со кои се уредува изградба на објекти и почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи Договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2180/4**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградата на улица „Манапо“ бр.4, населба Карпош 3, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол**

1. Се објавува Одлуката за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградата на улица „Манапо“ бр.4, населба Карпош 3, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол, донесена на четириесет и шеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/4**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградата на улица „Манапо“ бр.4, населба Карпош 3, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за обезбедување на бесплатен паркинг простор во 2016 година, за станарите на зградите на улица „Манапо“ бр.4, населба Карпош 3, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол.

**Член 2**

Средствата за учество на Општина Карпош за обезбедување на бесплатен паркинг простор од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Општина Карпош ќе обезбеди 1 (едно) бесплатно паркинг место за секој стан од колективниот станбен објект наведен во членот 1 од оваа одлука, врз основа на спроведена постапка, по предходно утврдени критерими.

**Член 4**

Станарите кои се сопственици на стан во наведениот колективен објект во оваа одлука и имаат потреба од бесплатно паркинг место, во рок што ќе го определи општината, потребно е да достават до општина Карпош:

1. Лична карта на сопственикот на станот, во фотокопија,
2. Имотен лист за станот како доказ за сопственост, во фотокопија и
3. Сообраќајна дозвола за возилото кое ќе биде паркирано на бесплатното паркинг место, во фотокопија

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.04.2016 година.

**Број: 09-2180/5**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за изградба на спортска сала**

1. Се објавува Одлуката за изградба на спортска сала, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/5**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изградба на спортска сала**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош одлучува да пристапи кон изградба на спортска сала на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со право на трајно користење на Општина Карпош, кое претставува КП бр.612 КО Карпош, со површина од 25.918 м2, евидентирано во Имотен лист бр.55133, градежната прцела што претставува Г.П.3.1, согласно Извод од Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу бул.Илинден, бул.8ми Сепетември, бул.Партизански одреди и ул.Љубљанска бр.07-7546/4 од 6.11.2013 година.

**Член 2**

Носител на инвестицијата за изградба на спортска сала е Општина Карпош.

**Член 3**

Средствата за изградба на спортска сала ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Изградбата на спортска сала ќе отпочне по обезбедувањето на неопходната урбанистичка, архитектонска и градежна документација.

Постапката ќе биде спроведена согласно одредбите од Законот за јавните набавки, во делот за конкурс за избор на идејно решение.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-2180/6
Датум:10.03.2016 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за изградба на затворени базени**
**во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изградба на затворени базени во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/6**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изградба на затворени базени во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош одлучува да пристапи кон изградба на затворени базени во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош.

**Член 2**

Носител на инвестицијата за изградба на затворените базени е Општина Карпош.

**Член 3**

Срествата за изградба на затворените базените ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Изградбата на затворените базени ќе отпочне по обезбедувањето на неопходната урбанистичка, архитектонска и градежна документација.
Постапката ќе биде спроведена согласно одредбите од Законот за јавните набавки, во делот за конкурс за избор на идејно решение.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2180/7**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за давање на согласнот за издавање под закуп на двоен тениски терен во сопственост на Општина Карпош, на улица Варшавска**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на двоен тениски терен во сопственост на Општина карпош, на улица Варшавска, донесена на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/7**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член член 36, став 1, точка 10, а во врска со член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на четириесет и шесттата седница, одржана на 10 март 2016 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на согласнот за издавање под закуп на двоен тениски терен во сопственост на Општина Карпош, на улица Варшавска**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на двоен тениски терен изграден на КП бр.3031 КО Карпош, градежна парцела бр.02.10, со димензии на градежна парцела 39,4х39,4, со површина од 1552,36 м2, кој се наоѓа на улица Варшавска, Општина Карпош-Скопје, со Договор за предавање во сопственост и владение на спортски објекти – тениски терени во Општина Карпош склучен помеѓу Агенција за млади и спорт бр.10-70/387 од 28.12.2012 година и Општина Карпош бр.03-10165/1 од 28.12.2012 година.

**Член 2**

Двојниот тениски терен наведен во член 1 на оваа одлука да се издаде под закуп за вршење спортска дејност – тенис.

**Член 3**

Двојниот тениски терен се дава под закуп за период најмногу до 10 години, во согласност со закон, по што најповолниот понудувач е должен да го предаде во владение на Општина Карпош.

**Член 4**

Двојниот тениски терен наведен во член 1 на оваа одлука да се издаде под закуп по пат на усно јавно наддавање со објава на јавен оглас во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општината, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата.

Основен критериум за избор ќе биде највисокиот понуден износ, при што почетната цена за предметот на јавниот оглас не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, за месечна закупнина, без вклучен ДДВ.
Право на учество на усното јавно наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои се регистрирани за вршење на спортска дејност-тенис.
Поблиските критериуми за учество, начинот на спроведување на постапката, содржината на пријавата и другите услови за учество ќе бидат поблиску дефинирани во јавниот оглас.

**Член 5**

Јавниот оглас за издавање под закуп на двоен тениски терен задолжително да ги содржи следните податоци:
-недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде што се наоѓа),
-почетната цена за месечната закупнина за двојниот тениски терен кој е предмет на закуп,
-рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање,
-времето на започнување и времетраењето на јавното наддавање,
-условите за учество на јавно наддавање,
-депозитот за учество на јавното наддавање кој изнесува 1000 евра во денарска противвредност и сметка на која се уплатува депозитот,
-начинот и постапката за спроведување на наддавањето

**Член 6**

Минимални услови за учество на огласот:
Потребни документи:

- Понуда, која во себе содржи цена за надомест и проектна задача
- Доказ за уплатен износ на депозит во висина од 1000 евра во денарска противвредност
- Спортскиот правен субјект да е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија, со седиште во Општина Карпош, со вршење дејност спорт, минимум 5 години,
- Спортскиот правен субјект да се регистриран во Агенција за спорт и млади на Република Македонија,
- Спортскиот правен субјект да е регистриран во Тениската федерација на Република Македонија
- Спортскиот правен субјект, во текот на своето постоење да има реализирано или организирано:
  -Најмалку еден јуниорски ЕТА турнир
  -национални турнири во најмалку една или повеќе натпреварувачки категории

Сите горенаведени документи не треба да бидат постари од 6 (шест) месеци и истите треба да бидат доставени во оригинал или копија заверена од понудувачот.

**Член 7**

Задолжителни услови:
Корисникот не може да му го даде на користење на друг корисник спортскиот објект, целосно или во делови или според нејок друг основ да му го предаде во употреба.
Корисникот на спортскиот објект е должен да овозможи користење на спортскиот објект согласно неговата намена и согласно правилата за соодветниот спорт, утврдени во позитивните прописи.

Корисникот на спортскиот објект е должен да овозможи бесплатно користење на спортскиот објект при што за граѓаните да обезбеди по шест часови секој викенд (три часови во сабота, три часови недела).
Корисникот е должен со приемот на двојниот тениски терен веднаш да пристапи кон негово покривање, најмалку еден терен, со цел истиот да може да се користи во зимскиот период.
Корисникот е должен да обезбеди бесплатни часови и термини за одржување на бесплатни часови по тенис за учениците од ООУ „Јан Амос Коменски“, согласно Програмата за работа на училиштето, одобрена од МОН.

**Член 8**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Карпош при спроведување на постапката за издавање под закуп на двоен тениски терен наведен во член 1 на оваа одлука да формира Комисија за спроведување на јавното наддавање составена од пет члена, од кои четири члена од општинската адмнистрација и еден член од Советот на Општина Карпош, да донесе одлука за избор на најповолен понудувач и да склучи договор со најповолниот понудувач.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2180/8**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, донесено на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/8**
**Датум: 11.03.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 114, став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 15/15, 150/15 и 192/15), Советот на Општина Карпош на четириесет и шестата седница, одржана на 10 март 2016 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Во Решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска грдаинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2013) и Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2014), во членот 2, алинеја 2, се разрешува претставникот на Општина Карпош именуван на десеттата седница на Советот на Општина Карпош со Решение бр.07-8512/30 од 20.12.2013 година, и тоа :

- Билјана Николова

**Член 2**

За претставник на Општина Карпош во Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош, се именуваат:

- Дијана Симјановска.

**Член 3**

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2180/9**
**Датум:10.03.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година и Годишната сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година и Годишната сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година, донесено на четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 март 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2464/9**
